**ЗАБЕЛЕШКИ ПО ДОСТАВЕН ПРЕДЛОГ ЗА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТИОТ СООБРАЌАЈ**

Во Член 127 каде стои - стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на техничките или правните науки, стручни квалификации за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на техничките или правните науки,

Треба да стои стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на техничките науки - отсек сообраќај или правните науки, стручни квалификации за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на техничките науки – отсек сообраќај или правните науки,

Би сакале да не стојат правни науки бидејќи од искуство со нивното вработување се покажало дека не ги познават стручните делови од сообраќајот па е отежнато нивното работење.

Во член 145 стои (1) За помал прекршок на физичко лице, ќе му се изрече глоба во износ од 15 до 50 евра во денарска противвредност, ако:

1) на инспекторот за патен сообраќај не му овозможи вршење на инспекциски надзор не му дава потребни известувања и не му ја стави на увид потребната документација;

За 15 евра платени во рок од 8 дена на половина никој нема да даде на увид потребната документација на испектор и се соочуваме со неможност за работење а во такси превозот без изводи на лиценца возат токму физички лица .

И воглавном казните за физички лица се мали и нема одземање на возило со тоа ги потикнуваме да работат на диво бидејќи ке си ја платат малата казна и ќе си работат.

Со почит,

Валентина Арсова
Раководител на Одделение за инспекција
за патен сообраќај и инспекција за патишта
Град Скопје